# МЕСЕЧЕН ПРЕГЛЕД

Октомври 2016 година

**Следење на владеењето за раст во областа на правдата од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 (JuDGMeNT)**

Месечниот преглед се објавува во рамките на проектот „Следење на владеењето за раст во областа на правдата од Стратегијата за ЈИЕ 2020 (JuDGMeNT)", што го спроведува Институтот за европска политика, со финансиска поддршка од Регионалниот совет за соработка. Главна цел на проектот е воспоставување на структуриран механизам од граѓански организации за следење на исполнувањето на мерките/инструментите/приоритетите од димензијата *Правда*, согласно Стратегијата за ЈИЕ 2020. Овие мерки се:

П.1. Подобрување на ефикасноста и компетентноста: преглед на квалитетот, ефикасноста и компетентноста на судиите и судовите;

П.2. Подобрување на судската соработка во слободен пристап до информации, спроведување прекугранични извршувања и прекугранична постапка во стечај, преземања и спојувања;

П.3. Поддршка на алтернативното решавање на спорови (АРС): Воведување или подобрување на законската рамка за АРС и овозможување на соодветна правна и институционална соработка со судскиот систем и системот за спроведување.

Повеќе информации за проектот се достапни на следниот линк: http://www.epi.org.mk/newsDetail_mk.php?nwsid=131

## *Квалитет, компетентност и ефикасност на судиите и судството*

### Врховен суд на Република Македонија

Во Охрид на 28.10. 2016 година, во организација на Врховниот суд на Република Македонија, Здружението на судии на Република Македонија и на Инсиститотот CEELI од Прага се одржа Меѓународна конференција за независност во судството на тема „Независно судство". На конференцијата биле опфатени следниве теми: предизвиците, добрите практики и искуства за независно судство во поглед на законодавната, финансиска и функционална независност; поддршка на позитивната перцепција за судството и почитување на неговата независност; континуираната едукација и судската етика; транспарентното судство и односот со медиумите. Учествувале претседатели на врховни, апелациски, основни судови, членови на судски здруженија и правни експерти од Македонија, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово, Грузија, Литванија, Полска, Словенија, Хрватска, Чешка и од САД. [1]

[1] http://www.vsrm.mk/Novosti.aspx?novost=129



Проектот се спроведува со финансиска поддршка од Регионалниот совет за соработка во рамките на спроведувањето на Стратегијата за ЈИЕ 2020.
Ставовите наведени во овој документ не треба да се подразберат како одраз на официјалните ставови на Регионалниот совет за соработка.
+3892 3 280 110 ; contact@epi.org.mk ; www.epi.org.mk

## Судски совет на РМ

Во текот на месец октомври Судскиот совет одржа 2 седници на кои меѓу другото се формирани Комисијата за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Македонија и Комисијата за изменување и дополнување на Правилникот за поведување и утврдување на трајно губење на способноста за вршење судиска функција. Воедно, Судскиот совет донесе одлука за престанок на судиска функција на 1 (еден) судија поради навршени 64 години, одлука за избор на 1 (еден) судија од редот на кандидатите од Академија за судии и јавни обвинители, одлука по повод приговор од судија, одлука за престанок на функција судија - поротник во Основен суд Скопје 1 Скопје по предлог листа на Претседателот на судот и дадена е согласност за предавач на Универзитет на судија на Основен суд Кавадарци. Воедно, беа разгледани и усвоени извештаите за работата на судовите во Република Македонија за второто тромесечје за 2016 година.[2]

На ден 14.10.2016 година Судскиот совет на РМ објави оглас за избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија, за избор на претседател на Основниот суд Скопје 1 Скопје и за избор на 1 (еден) судија на Апелациониот суд Битола за граѓанска област.

На ден 20.10 2016 година Судскиот совет на РМ одржа прес конференција на тема "Заштита на независноста на судската власт и зачувување на угледот и достоинството на судиите". Целта на оваа прес конференција, како што беше најавено од првиот човек на Советот, беше да се зачува интегритетот, како и да се поттикне јавната свест за моменталните притисоци и влијанија во судството. Беше истакнато дека медиумите вршеле притисок врз судската фела. Претседателот на Советот, појасни и дека се почувствувале загрозени со тоа што СЈО повикало пет судии на распит од Управниот суд.[3] За напомена, ова не е прв случај во кои се обвинети судии. Претходно. обвинителството за организиран криминал обвини и уапси десетина судии, но Судскиот совет тогаш не реагираше.

Делегации на Судскиот совет изминатиот месец оствариле студиски посети на Осло, Кралството Норвешка, како и на Вулнус, Република Литванија, во рамки на поширока делегација од надлежни институции.

## Академија за судии и јавни обвинители

До овој момент нема информации во врска со отпочнувањето на обуката на шестата генерација на судии и јавни обвинители.

- Инаку, Академијата за судии и јавни обвинители во текот на месец октомври организираше повеќе обуки во рамки на задолжителната континуирана обука за

---

[2] Соопштение од 235-та седница од 7.10.2016 година, http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=459

[3] Соопштение од прес конференција 20.10.2016 година, http://www.ssrm.mk/Novosti.aspx?novost=464 ; Караџовски се пожали на притисок од медиумите врз судотhttp://meta.mk/karadhovski-se-pozhali-na-pritisok-od-mediumite-vrz-sudot/

судии и јавни обвинители[4] Имено, беа организирани советувања на следниве теми: **„Правна терминологија и употреба на правопис во судските одлуки и презентирање на е-базата на прописи и изданија на Службен весник на Република Македонија“;** “**Критериуми за утврдување надомест на штета согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета/Закон за медиуми и одговорност за навреда и клевета преку интернет**“; **Практична примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната“** ;**„Меѓународна соработка во граѓанска материја“** ; **„Примена на судски деловник“;** „Користење на дата базите на европската судска пракса за човекови права“. Одржани се и следниве обуки ,,Истражни дејствија/Ефективна истрага” и „Товарот на докажување/ докази и приговори“ (во соработка со Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје), обука за Практичниот водич за судиите, судскиот персонал, обвинителите и адвокатите за тековна судска пракса на Европскиот суд за човекови права во поглед на членот 5 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи“, како и обука во соработка со Министерството за правда, насочена кон подобра подготовка на предмети пред ЕСЧП и допуштеност на жалбата, што се одржа во рамки на твиниг проектот „Зајакнување на владеењето на правото“ помеѓу Република Латвија и Република Македонија;

## Мониторинг на судски постапки[5]

Во текот на месец октомври судовите редовно работеа. Во овој период беа покренати две нови истраги од страна на СЈО: “Топлик”[6] и “Тендери”[7]. Основниот суд Скопје 1 Скопје ги повика двете лица осомничени во предметот “Тендери” и по завршување на распитот судијата на претходна постапка со решение од 28.10.2016 година го одби предлогот на СЈО за определување на мерки за претпазливост како неоснован.[8] Во предметот “Диво Насеље”[9] се одржаа две расправи на кои се изведуваа докази, а сите

[4] http://www.jpacademy.gov.mk/upload/KATALOZI/PLAN%20NA%20OBUKI%20%209-12%202016%20123.pdf

[5] Од редовниот мониторинг на судски постапки на Коалицијата Сите за правично судење

[6] Во предметот „Топлик“ се осомничени шест лица, кои преку злоупотреба на службената должност и кршење Законот за јавни набавки сториле кривични дела со кои го оштетиле буџетот во висина од 1 милион и 44.000 евра. Повеќе на http://www.akademik.mk/toplik-i-tender-novi-predmeti-na-sjo-za-zloupotreba-na-sluzhbena-polozhba-i-ovlastuvana-vo-ministerstvoto-za-transport-i-vrski-i-ministerstvoto-za-kultura/

[7] Во предметот „Тендер“ првоосомниченото лице, на раководна позиција во Министерството за култура, без почитување на Законот за јавни набавки и без спроведување на јавно наддавање, склучило договор со изведувач за дополнителни градежни активности на Музејот на ВМРО. Повеќе на http://www.akademik.mk/toplik-i-tender-novi-predmeti-na-sjo-za-zloupotreba-na-sluzhbena-polozhba-i-ovlastuvana-vo-ministerstvoto-za-transport-i-vrski-i-ministerstvoto-za-kultura/

[8] 31.10.2016 СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ - http://osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=571

[9] Предметот “Диво Насеље” се води против 29 лица, дел од т.н. „кумановска група“ кои се обвинети за тероризам и терористичка организација за настаните поврзани со случувањата од 9 и 10 мај во Дива Населба во Куманово. Случајот подоцна се спои со „Молња“ во кој се води постапка против осум лица помагачи на вооружената група од Дива Населба.
На 9 и на 10 мај 2015 година во кумановската Дива населба вооружена група се судри со безбедносните сили. Во престрелката загинаа осум полицајци од специјалните и посебните единици на МВР, додека четириесетина беа тешко повредени. Убиени беа и десет лица од вооружената група. Повеќе на

наредни расправи во текот на месец октомври беа одложени со цел да се обезбеди доволно време на одбраната за да ги разгледа доказите, а последните 2 расправи беа одложени поради службено отсуство на јавниот обвинител.

## Подобрување на судската соработка во слободен пристап до информации, спроведување прекугранични и прекугранична постапка во стечај, преземања и спојувања

На 3 октомври 2016 година се одржа прес конференција на политичката партија Левица во врска со функционирањето на БЕГ, топлификацискиот оператор во Република Македонија. Левица прави обид да ја разоткрие сопственичката структура на БЕГ како фактор што дополнително го оптоварува фактот на, според нив, бесправното злоупотребување на многу потрошувачи на БЕГ. Ова е уште еден пример на следење на однесувањето на друштво што е формирано во Македонија како резултат на прекугранична деловна трансакција. Како што и досега се констатираше, следењето е од аспект на заштита на специфичните интереси на определена група заинтересирани страни, во случајот потрошувачите на Друштвото.[10]

## Поддршка на АРС: Воведување или подобрување на законската рамка за АРС и овозможување на соодветна правна и институционална соработка со судскиот систем и системот за спроведување

Во текот на месец октомври, во областа на медијацијата како начин на АРС, продолжи активното постапување на лиценцираните медијатори[11]во предметите иницирани на барање на заинтересираните страни, а согласно измените во Законот за парнична постапка според кои, за одредени стопански спорови обидот за медијација е задолжителен. Важно е да се напомене дека иницирани се и две постапки на медијација исклучиво базирани на начелото на доброволност. Иницирањето на вакви постапки за кои обидот не е задолжителен е секако позитивен исчекор кон унапредувањето на медијацијата што укажува на промена на перцепцијата на граѓаните по однос овој вид на алтернативно решавање на спorовите во позитивна насока.

---

http://prizma.birn.eu.com/%D0%BC%D0%BA/%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%B8/%D0%BF%D0%BE%D1%87%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B5%D1%9A%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%B7%D0%B0-%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%BE-%D0%B4%D0%B8%D0%B2%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D1%99%D0%B5

[10] http://www.brif.mk/parite-od-beg-odat-na-privatni-smetki-na-vmro-dpmne-vo-kipar-obvini-levitsa/

[11] http://www.justice.gov.mk/documents/medijatori_2.pdf

Во текот на месец октомври завршени се 10 предмети на медијација. Од нив, 6 предмети завршиле со склучување на спогодба со која спорот е решен, во 1 предмет започната е активна медијација, но дошло до прекин поради отстапување на една од страните, па постапката е завршена неуспешно, додека во 3 предмети, постапката на медијација завршила во обид, односно на покана упатена до спротивната страна немало позитивен одговор за започнување преговори за решавање на спорот.[12]

Медијаторите одржаа неколку консултативни средби во просториите на Асоцијацијата за поддршка на медијацијата при Стопанската Комора на Македонија заради организирање на промотивни настани пред бизнис секторот со цел да ја доближат медијацијата до правните лица, при што е договорено да се одржат пет еднодневни бесплатни семинари во неколку градови во Македонија во наредниот период.[13]

Министерството за правда на 10.10.2016 година објави известување за полагање на испит за медијатори во ноемвриска сесија[14]. Вкупно се пријавени 21 кандидати што укажува на фактот дека интересот за стекнување на лиценца за медијатор е доста голем.

По однос на останатите активности за месец октомври, за обележување е учеството на неколкумина лиценцирани медијатори од Македонија на Првата меѓународна конференција на медијатори од Југоисточна Европа „Медијација и развој на комуникација“ која се одржа на 22.10.2016 година во Загреб. [15]На конференцијата учествуваа медијатори од Хрватска, Република Македонија, Босна и Херцеговина и Србија.[16] Учесниците на конференцијата од различни држави постигнаа заемна согласност за формирање и регистрација на Здружение на медијатори на Југоисточна Европа кое ќе има свое седиште во Загреб, Република Хрватска.

Од областа на мирното решавање на работните спорови, во текот на месец октомври 2016 година се одржаа три конференции во Република Македонија, од кои две меѓународни и една национална. Имено, во Охрид од 18 до 19 - ти октомври 2016 година се одржа меѓународната конференција насловена како: “Суб-регионална конференција на високо ниво за ефективните механизми за решавање на работни спорови“, во организација на Меѓународната организација на трудот при ОН и проект финансиран од ЕУ. На оваа конференција учествуваа директорите и помирувачи и арбитри од Македонија, Бугарија, Србија, Црна Гора, Српска, Косово, Албанија и Унгарија. Беше констатирано дека 41 лице се лиценцирани за арбитри и помирувачи во Република Македонија.

На 19 ти октомври 2016 година, се одржа првата национална конференција на арбитри и помирувачи во работни спорови во Република Македонија. Конференцијата беше под работен наслов „*Актуелни прашања од областа на помирувањето и*

---

[12] Податоци од Регистарот на МП и информации од медијаторите
[13] http://www.mchamber.mk/(S(f4kszh45tlpxrd32madzmi55))/default.aspx?lId=1&mId=55&evId=34008
[14] http://www.justice.gov.mk/documents/ispit%20za%20medijatori%20noemvriska2016.pdf
[15] www.medijator.com
[16] http://medijator.com/program-1-konferencije-medijatora-jie-zagreb-2016/

*арбитражата во Република Македонија"*.[17] На конференцијата беше нагласена потребата од поголема усогласеност помеѓу Законот за мирно решавање на работните спорови, Законот за медијација во РМ, како и Законот за работни односи.

На 20.10.2016 година во Охрид се одржа Меѓународната конференција насловена како: „Прв годишен состанок на суб-регионалната мрежа на агенции за пријателско решавање на работните спорови." Се посвети внимание на повеќе теми поврзани со работните спорови, а беше даден и преглед на регионалната нормативна рамка на мирното решавање на работни спорови во регионот, или поточно во Македонија, Србија, Република Српска, Црна Гора и Бугарија. Во рамките на оваа конференција беше претставен и системот за виртуелна платформа "ЕСАП" која што треба да служи како база на податоци од регионот во врска со успешно решени работни спорови.

Сите три конференции беа медиумски покриени, со информација за настанот како и со пренесувања на кратки интервјуа на присутните на телевизии со национална концесија и регионална телевизија од Охрид.

[17] Извештај од Асоцијација на помирувачи и арбитри во работни спорови во Република Македонија